ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово гас“ Куманово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

- неправилности при пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие;
- пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен;
- важноста на склучените договори за јавни набавки не соодветствува со условите предвидени во тендерската документација.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**

/

**Клучни препораки:**

- доставување предлог до основачот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените;
- донесување на интерен акт за вршење на попис, и спроведување на целосен попис на средствата и обврските;
- во договорите за јавни набавки, задолжително да се вклучат условите, предвидени во тендерската документација,

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Од страна на поранешниот в.д. директор на ЈП „Куманово гас“ Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 03 - 246/1 од 01.04.2022 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот.

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk